ПАТОТ КОН ХРИСТА (Елена Вајт)

Едно е да се знае за Исус, а сосема друго е да се биде со Исус. Досега не сме сретнале (се разбира, доколку не ја сметаме Библијата) друга книга која така непогрешливо објаснува како да се биде христијанин, на толку едноставен начин, разбирлив за секого. Таа ги насочува нозете од сомневање и колебливост кон патеката на мирот. Го води оној кој бара праведност и светост на карактерот, чекор по чекор на патот на христијанскиот живот, до такво искуство каде што ќе може да ја спознае полнотата на благословот кој се наоѓа во целосното предавање на себеси во Христовите прегратки. Ја открива тајната на победата која што се наоѓа во едноставноста на спасителната благодат и сила на најголемиот Пријател на целото човештво – Исус. Оваа малечка книга ќе ви помогне да ги составите сите парчиња на сложувалката заедно и да научите како секојдневно да чекорите со Исуса кој вели: „Јас дојдов за да дадам живот – и тоа живот во сета негова полнота." (Јован 10:10 ; Библија)

Издвојуаме два пасуси од оваа малечка, но толку содржајна книга:

„Има такви кои тврдат дека му служат на Бога иако сакаат сами, со своја сила, да го држат Божјиот закон, да изградат праведен карактер и да си осигурат спасение. Нивните срца не се поттикнати со длабоко разбирање на Христовата љубов, туку обврските на христијанскиот живот ги исполнуваат како услови што им ги поставил Бог за да можат да го добијат небото. Таквата религија нема никаква вредност. Кога Христос живее во срцето, душата се исполнува со неговата љубов и се радува што ужива негова заедница и единство со него. Тогаш, гледајќи го него, ќе заборави на себе. Љубовта кон Христа ќе биде извор на дејствување. Оние што ја чувствуваат силата на Божјата љубов не прашуваат на кој начин со што помалку труд би можеле да се задоволат Божјите барања; тие не бараат најниски мерила, туку имаат цел да бидат во совршена хармонија со волјата на својот Откупител…. Признавањето на Христа без таква длабока љубов е празно прикажување, сув формализам, тежок јарем."

„Животот во Христа е живот полн со спокојство. Можеби во него нема да има занес на чувствата, но ќе има постојана, спокојна доверба. Вие не се надевате во себе туку во Христа. Вашата слабост е соединета со неговата сила, вашето незнаење со неговата мудрост, вашата кревкост со неговата

издржливост. И така, не треба да гледате на себе, не треба да се занимавате со себе, туку гледајте на Христа. Вашите мисли нека се занимаваат со неговата љубов, со убавината и со совршенството на неговиот карактер. Христос со своето самооткажување, Христос со своето понижување, Христос со својата чистота и светост, Христос со својата неспоредлива љубов – тоа е тема за која треба да размислува вашата душа. Сакајќи го него, следејќи го него, потпирајќи се потполно на него, вие ќе се преобразите и ќе станете слични на него.“